# МАТРИКС, РЕВОЛУЦИЈА НА УМОТ И НА ДУХОТ








# МАТРИКС, РЕВОЛУЦИЈА НА УМОТ И НА ДУХОТ

Јанко Илков FILM ФИЛМ FILM
Премин септември 2003

## Вовед

ПОДГОТВУВАЈКИ СЕ ЗА ОВОЈ ТЕКСТ НАПРАВИВ МАЛ ПОПИС НА МАТЕРИЈАЛОТ ШТО ГО ИМАВ СОБРАНО, НИЗ НЕФОРМАЛНОТО СУРФАЊЕ ПО МРЕЖАТА, ЗА ТРИЛОГИЈАТА *МАТРИКС* НА БРАЌАТА ВАШОВСКИ. ИСПАДНА ДЕКА ИМАМ ТОЛКУ МНОГУ МАТЕРИЈАЛ ШТО САМО ВО НАЈКРАТКА ФОРМА ПРЕНЕСЕН ЌЕ БИДАТ ВО ПОТРЕБНИ ЦЕЛИ 4 - 5 БРОЈА НА *ПРЕМИН* ЗА ДА СЕ ПРЕНЕСЕ ДЕЛ ОД ФАКТОГРАФСКИТЕ ПОДАТОЦИ КАКО И КРИТИЧКА РЕЦЕНЗИЈА ЗА ФИЛМОВИТЕ ОД ТРИЛОГИЈАТА: *MATRIX, MATRX RELOADED, MATRIX REVOLUTIONS.*

Така, малку по малку, се најдов во омилениот спорт од детството наречен: ‘што можеш утре, остави за задутре’, кој пак предизвикуваше експлицитно користење на дланките, не на моите родители, туку кога себе се освестував, од мака: *ах, што не фати порано, сеа ќе беше раат*. Нејсе, сè беше тоа во надеж дека некако инспирацијата ќе никне во замаглените матни делови на фронталниот кортекс, дека некој неврон ќе предизвика несакано електрично празнење и ќе покрене лавина од испирација, ама не одело така, очигледно дека сака малку да го фатиш за рогови и да го кутнеш најпопуларниот ѓавол на денешницата - мрзата, за да можеш да го подотвориш малку „капакот“ за да може да ти се сипа, сè е до недостатокот на волја да си го отвориш „капакот“.

Е така, после овој интелектуално - продуховен вовед, моето его конечно поразено се повлекува пред напливот на позитивна енергија од стекнатото искуство, едно од најубавите што сум ги имал во животот во фолдерот ‘филмска уметност’.

## Ококорување

Се случи тоа во 1999, една касета, несмасно преснимена, ми ја донесе еден болен фанатик за компјутери, интернет, музика, филм, значи ист како мене.

На касетата со пенкало нашкрабано *Матрикс* и ми вика: *брат, мора да го гледаш, интернет и кунг фу со лудница ефекти!!!* Прво што си помислив е на доктор Чичев од клиниката во Бардовци, кој знаеше така елегантно да те препознае во твојата умислена мака и да ти каже: *Дете, не претерувај, олабај се малку, живеј го животот!*

Откако го испратив другарот дома со желби за брзо оздравување, седнав да го видам и тоа ѓубре од Холивуд. Види мајката, личниот на мајка Кијано Ривс, е ај да видам…. и гледав 2 саати. И така останав ококорен до ден денешен, она што тогаш го видов ме остави позитивно зашеметен заради многу, премногу причини…

Не ми се веруваше дека Матрикс има толкава длабочина прикажана на толку едноставен начин, религија, кунг фу, интернет и компјутери! Не е можно, јас само си умислувам, дали да одам на лекар или да се консултирам со пациентите?

Филмот го умножив во повеќе копии и го препратив кај дежурните високоумни познавачи на делата на руските иконописци на филмско платно, или кратко кажано пациенти; сепак, и презимето на

Браќата брем гарантираше дека сепак се работи за некои од Истокот, натопени со мудрост блиски наши (?!?!)

Набргу потоа се видов со сите на кои им дадов копија од филмот и сите беа онака заблентавено подзинати, вџашени и ококорени со малку приглуп израз. Да бидам искрен, ист како и мојот. Поразителен беше фактот дека филм како Матрикс може да носи во себе толку длабоко продуховени премиси, суштествени за нашето битисување, што просто поразува.

А поразува до толкава мерка и тоа што во исто време е и толку многу забавен и заразен, што веќе го прославивме 100-то гледање на иститот. Пациенти со дијагноза, дефинитивно.

## Забавата продолжува

Немате поим колку сум благодарен не само што го дочекав вториот дел туку еве на прагот сум на конечното откровение, неколку денови до светската премиера. Чекав скоро 4 години за продолжението, и вредеше секој миг потрошен во чекање… На неколку месеци пред второто продолжение излезе ДВД наречено Animatrix, збирка од 9 цртани филмови, таканаречени *аниме*, (аниме претставува јапонски современ уметнички стрип израз), за да ја пополни дупката од временскиот период пред Матрикс, да ја опише состојбата на светот и како дошло до тоа човештвото толку многу да се возгордее во својата умислена надмоќ и да дегенерира духовно до тој степен, што ќе дозволи со него и со светот завладеат машини-роботи. За да ја овековечат во досега неопена епика на борбата на луѓето против злото (машините) и да се ослободат од ропството на демонот кој сака „само“ да завладее со светот (агентот Смит) браќата Вашовски го снимаат скоро две години продолжението кое во финалната форма трае повеќе од 4 и пол часа, и истиот е толку динамичен и набиен, поради кое одлучуваат да го прикажат во два дела во временски интервал од само 6 месеци - Matrix Reloaded и Matrix Revolutions.

Ова е потег кој се граничи со лудило од аспект на пазарната економија и слободното претретприемаштво, за капиталистите кои и тоа како сакаат да си ги повратат средствата во висина од преку 400 милиони долари вложени во овие две продолженија. Да, драги мои, драги мои, преку 400 милиони за продукција на оваа неверојатна фантастична епска приказна за современата Алиса во земјата на чудата!!!!

За да биде врвен ефектот на третото продолжение, во сите аспекти, маркетинг, профит, но и возбуда и забава, се подготви еден од најглобалните хепенинзи во историјата, имено филмот се прикажува во светот во нулти час, истовремено насекаде на планетава, без оглед на времето во било која временска зона. Значи во Скопје во 15 часот, во Њујорк 22 навечер, во Москва во 13…итн итн…во вкупно во преку 70 држави на светот. За среќа, овојпат нема да бидеме како деца залепени со носевите на стаклото пред слаткарницата, гладни и стрвни гледајќи како другите се сладат, благодарејќи на Манаки Филм, Матрикс Револуции ќе имаме можност да го конзумираме заедно со сите деца, пардон, гледачи во светот, во исто време.

## Идеја

Што е тоа што Матрикс го направи толку слоевит и покрај својата флоскула дека тоа е сепак забавен карате филм со супер ефекти?

Имено, приказната говори за поробеното човештво кое роботите-машини го држат во незнаење и кое заради тоа е злоупотребено од демонските машини за да ги користат како извор на енергија, а во исто време воопшто да не се свесни за реалноста. Нив од пред очи им е тргната вистината и свеста им е ставена насила во еден свет, во кој релативно си живуркаат

→




додека ка нивните тела и души лежат заробени во огормните полиња со луѓе кои сонуваат еден наметнат сон. Само оние кои имаат силна волја и ја сакаат вистината по секоја цена, успеваат да се разбудат од комата и стануваат свесни за вистината. Тие се обидуваат да ги освестат другите луѓе делувајќи во виртуелниот свет. Дел од луѓето кои се одметнале од ропството и ја живеат реланоста се собрани во еден град-пештера кој се вика Сион, последното упориште на слободните луѓе. Воините на вистината, воините кои се борат против демонските машини, трпеливо се борат и се надеваат на Спасителот кој треба да дојде и кој треба да ги избави сите од ропство. Секако, тоа е главниот лик во филмот Нео (патем зборот Нео во англ. јаз. значи Нов и е инверзија и од бројот the One, кој пак означува *Оној кој е одбран*). Нео прави чуда со кои успева некои од луѓето да ги убеди и да им ја всади верата во слободата, тој е нивна надеж за спасение од лажниот свет, Тој е одбраниот кој треба да го поведе целото човештво во еден друг свет, свет кој е вистински и реален, свет во кој тие ќе бидат навистина слободни и конечно будни.

→



# Религија

Во Матрикс Револуции скоро секоја реплика, симбол во позадина, име на брод, лик, место, митска сцена, дијалог, однос помеѓу доброто и злото, борбата, имиња на ликовите, имаат корен во Библијата, и во Стариот и во Новиот Завет. Самата приказна е заснована на Новиот Завет иако стилски е неверојатно добро вклопена така што делува како оригинална. Неверојатни се не само симболиките од христијанството, врз кои се потпира филмот, туку и со директни цитати уште посилно ја нагласува поврзаноста со религијата. На моменти се запрашувам да не е ова некаков модерен авторски препев на најголемата книга на сите времиња, Библијата.

Сакав да дадам одоговор на сите симболики кои така директно и непосредно се поврзани со филмот, но како што ви кажав, истражувајќи собирајќи матерјали и дискусии од интернет, се собра толку многу метрјал што просто е невозможно да се направи длабински и критички осврт на Матрикс кој ќе ги опфати сите аспекти, симболики, тајни пораки, и слични мозочни и душевни зезалици. Можам да напишам колку сакам и повторно некој друг да напише уште толку и сепак да се остави доволно простор некој да каже - напише уште нешто - пак да има простор за уште толку, бидејќи перспективите од кои може филмот да се анализира и раскаже се навистина многу, оваа трилогија или тетралогија, како сакате, навистина ги опфатила, на толку суптилен и генијален начин, најважните прашања од нашето битисување, како од материјален така и од духовен (религиозен) аспект.

Матрикс е суперспектакл на непокорот (како за филмот Неретва писмена да пишувам) и со него филмската индустрија запиша нова страница (ова ко за партијата) во својата историја - идните филмови ќе се мерат пред и по Матрикс.

Матрикс на уште првото прикажување ги фрли во длабока сенка продолженијата на Лукас - Ѕвездените Војни. После Матрикс Спилберг изгледа како режисер на детски емисии (ама мисла, па тој тоа е), а руските и европските, омилени ни, класици на филмот, нели, оние за кои ме убедуваа дека имаат директна врска со Севишниот, после Матрикс делуваат како режисери на ТВ драма на МРТВ од пред 20 години (Томе од бензиската пумпа?!?). Шегата настрана, Русите од немајкаде морале да се свртат кон духовното во филмот бидејќи и да сакале не можеле да продуцираат проект на начин као што Запад тоа може да го стори, па сепак и тој продуховен сегмент сега делува загрозено после Матрикс.

Искрено не верувам дека воопшто е можна и сеопфатна критика за истава трилогија, туку ако сепак сакате да имате појасна престава ќе морате не само да ги изгледате туку и да читате повеќе стручни критики за да се разјаснат сите детали, ако инсистирате за тоа, инаку филмовите се толку доволни за себе и по себе, што комотно можете да уживате во новата естетика и таа да биде сосем доволна. За подготовка за подлабока анализа мене ми требаа 3 - 4 месеци интезивно следење на дискусиите на веб сајтот http://www.rottentomatoes.com/ каде се наоѓа еден од форумите за Матрикс на кој учествуваат десетици илјади дискутанти, а кој пак форум е еден од стотината на светот на кои се разговара, дискутира, расправа, докажува порекнува и анализира делото на браќата Вашовски. Иако овие форуми не се најпосетените, (најпосетени се за The Lord of the rings, сепак се едни од најотkачените на кои можат да се прочитаат такви breinstorming (мозочна бура) дискусии и преписки кои би можеле веднаш да бидат публикувани и http://whatisthematrix.warnerbros.com/, официјална страна на филмот, е место каде ќе најдете многу детали. Ако ве чеша сивата маса, бујрум на http://www.metacortechs.com/., па мислете му ја што сакал веб дизајнерот да каже.

→

## Финале

Матрикс со својот оригинален пристап и жанровската иновација во начинот на раскажувањето, доаѓа до својот климакс во Револуции, кој иако е клише - финална борба помеѓу доброто и злото, сепак содржи толкави епски размери што наликува на Армагедонот - финалната борба, многу пати неуспешно пренесена на филмското платно. Интерактивно внесувајки ја публиката во големото финале изградено врз несекојдневен глобален настан, истовремено прикажување на целата планета во нулти час, што пак дополнително внесува возбуда и оригинален начин на перцепирање на Револуции, ослободен од слободоумните и егоцентрични критики на таканаречените дежурни естети на филмска уметност. Вака публиката ќе може неоптоварено да го доживее екранизираното распетие на нивниот јунак, кој ќе се жртвува за да го спаси светот. Величајќи ги основните премиси на човековото постоење: изборот - како најголем и единствен аспект на нашата слобода; жртвата - како еден од најусштествените начини за спасението и љубовта кон ближниот и кон светот, е она што нè прави единствени суштества, благословени, во универзумот. Спектакуларноста може да биде и пречка во интимното восприемање на една филмска творба, бидејќи лесно се отуѓува гледачот од јунаците кои веќе не ги гледаме од интимен аспект, туку од аспект на заедништво со другите и на нивната несебична херојска борба во финалната битка, а овој филм е вистински супер-спектакл, невиден во филмската историја. Ја имавме таа среќа да го гледаме Матрикс Револуции во досега најврвни технички подготвени проекции, таканаречени ИМАКС - кои се катрактеризираат со огромно платно за проекција и фантастичен звучен систем кој дава дополнителна димензија, толку неопходна за потполно доживување на секој филм, патем кажано, ова е инајдобриот начин за борба против пиратеријата: квалитетен филм, навреме донесен, врвно репродуциран, извонредно!

Она што навистина ме запрепасти моето лично, постојано навраќање на филмовите Матрикс, е бесконечното вртење на истите во домашни услови и пречестото одење во кино што пак како последица доведе до неизбежна блискост со теткицата на каса и чичкото што кине карти на врата, до таа мера што и веќе си поздравуваме фамилии и си честитаме положување возачка, се тешиме: *не се секирај, ќе биде поарно!*, *од плата ли само се живее?*, *ај се гледаме утре!*, *не лепи мастики под седиштата!*, *цигари надвор палете!!!*…упс, тоа беше од едно друго време.

*Овер енд аут*